Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 432/6
28. 11. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 5 став 2 алинеја 3 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.215/21), Советот на Општина Градско на седницата одржана на 28.11.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Градско за 2026 година**

## 1. Вовед

Со оваа програма се утврдуваат организацијата и функционирањето, одлучувањето и употребата на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, планирањето и финансирањето на општина Градско при ревитализација на општината по елиминирање на кризата.

Со мерките кои ќе се превземаат, по елиминирање на кризата се овозможува враќање во функција односно во првобитна положба на сите објекти и правни субјекти кои се под надлежност на општина Градко.

Општина градско со оваа Програма ги опфаќа целите и активностите, кои ќе ги спроведе во соработка со другите субјекти, со цел ревитализација на општината и истите претставуваат активности од јавен интерес.

Во спроведувањето со кризи и враќање во првобитна положба општините ги имаат следните активности:

- Ги следат состојбите, дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општините,
- Донесуваат процена на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините,
- Донесуваат програма за ревитализација на општините и градот Скопје по елиминирање на кризата,
- Ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општините и градот Скопје,
- Одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буетот на општините и на градот Скопје.

Во справувањето со криза градоначалниците на општините и градот Скопје, обезбедуваат координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

Реализацијата на оваа Програма за ревитализација на општина Градско по елиминирање на криза е со обврзувачки карактер, со Закон, и не треба да трпи одлагања.
Општина Градско, основните цели на оваа програма ќе ги остварува преку:

- Градоначалникот и Советот на општина Градско;
- Општински штаб за заштита и спасување;
- Териоријалната противпожарна единица Велес;
- Просторните сили за заштита и спасување на општина Градско и
- Јавните претпријатија, установи и служби во општината.

## 2. Основни цели на Програмата

- Враќање во функција односно првобитна положба на сите објекти и правни субјекти под надлежност на општина Градско.
- Изработување на единствена прозена на штета предизвикана од кризна ситуација.
- Одлучување за висината на средства од буџетот на ЕЛС за враќање во првобитна положба на сите објекти и субјекти под надлежност на општината.

- Обезбедување котинуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација по справување со кризата и ревитализација на општината.

За реализација и остварување на целите на оваа Програма, активностите на општината и Советот на општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за ревитализација на општината по елиминирањето на поплави, пожари, земјотреси и разни други видови на непогоди.

### 3. Финансирање на активностите за ревитализација на општината по елиминирањето на кризата

Финансирањето на активностите по елиминирањето на кризата, дејствувањето на сите субјекти под надлежност на општина Градско за ревитлизација на општината, ќе бидат финансирани од буџетот на општина Градско, Републичкиот буџет, доброволни прилози и други средства од правни и физички лица.

Активности за реализирање на програмските одредби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата:

- Обнова и враќање во функција на објекти и правни субјекти под надлежност на општината
- Активности на комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи
- Безбедносна проверка на објектите под надлежност на општината
- Изработка на документација

За финансирање на основните цели и активности на Програмата, предвидени се средства во износ од 100.000,00 денари.

### 4. Завршни одредби

Носител и одговорен за релизација на Програмата за ревитализација е Градоначалникот и Советот на општина Градско.

Општина Градско ќе остварува потребна соработка со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренувааат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на општина Градско во рамките на планираните средства за оваа програма на општина Градско за 2026 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник” на општина Градско.

Совет на Општина Градско
Претседател
____________________
Драгана Данева